РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 12-320/1
07.04. 2017 год.
СКОПЈЕ

University American College Skopje

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 07.04.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 548 | / | / |


*Улица Трета Македонска Бригада бр.60, 1000 Скопје*

**Договор за членство**
**во Деловен совет на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

Склучен на ден 07. Април 2017 помеѓу:

1. Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во натамошниот текст "Член" претставуван од Проф.д-р Миле Димитровски.

2. Универзитет Американ Колеџ Скопје (во натамошниот текст УАКС) претставуван од д-р Марјан Бојаџиев - Ректор

*Предмет на договорот*

Предмет на овој Договор претставува регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни а се однесуваат на членство во Деловниот совет на УАКС.

УАКС има воспоставено Деловен совет како дел од интегрираниот и континуиран процес за подобрување на квалитетот на образованието.

*член 1*
*Членство*

УАКС формира Деловен Совет. Деловниот совет го сочинуваат:

1. Компании,
2. Претставници на други заинтересирани јавности( како на пример невладини организации,граѓански организации, единици на локална самоуправа и слично) и
3. истакнати поединци.

Со потпишување на овој договор станува ефективно членството во Деловниот совет.

*член 2*
*Права и обврски на член на советот*

Позначајни права и обврски на член на советот се следните:

1. давање сугестии за студиските програми, кои се реално потребни за заедницата;
2. сугестии за наставниот кадар и наставните методи во рамки на специфични предмети;

3. обезбедување гости предавачи, членови на Советот и вработени експерти кај членови на Советот;
4. обезбедување на пракса за студентите во рамки на можностите на членот;
5. земање во предвид и давање предност на Алумни студентите од УАКС при регрутирање на кадар;
6. во рамки на можностите партиципација во стипендирањето на Американ Колеџ.

*член 3*

*Обезбедување на реална пракса*

Во согласност со законот за високо образование студиските програми се дизајнирани да обезбедат пракса во секоја година од студирањето.

Членот на деловниот совет се обврзува, во рамките на своите можности, да се јави како понудувач на пракса за обука на студентите. Практичната настава не може да биде пократка од 30 календарски денови.

*член 4*

*Права и обврски на Универзитетот*

УАКС ги обезбедува сите технички предуслови за функционирање на деловниот совет.

УАКС на сите свои средства за комуникација и пропаганда ги истакнува членовите на Советот, а на електонските средства за комуникација, овозможува директен линк до членовите на советот.

Активностите од став 1 и став 2 од овој член не се спроведуваат само по барање на членот на советот.

УАКС ги информира членовите на Советот за сите позначајни настани, измените во програмите и други активности помеѓу две седници на советот , како и со сите избори и именувања на наставници, соработници и раководители на колеџот.

УАКС ќе овозможи посебни попусти за студирање на додипломски и полследипломски студии на вработени кај членови на советот, како и за членови на семејствата на вработени кај членови на Советот.

*член 5*

*Преодни и завршни одредби*

Овој договор е склучен во два еднакви примероци по еден за секоја договорна страна.

Договорот стапува во сила со денот на склучувањето.

Договорот се склучува на неопределено време.

Договорот може да биде раскинат во било кое време со писмено известување на едната страна до другата дека го раскинува договорот.

Член на Деловниот совет | Универзитет Американ колеџ - Скопје

____________________ | ____________________